# „Зарем Аллах не ви дал нешто со што и вие можете да давате садака? Секое изговарање на субханаллах е садака, секое изговарање на Аллаху екбер е садака, секое изговарање на елхамдулиллах е садака, секое изговарање на ла илахе иллаллах е садака, и секое наредување на доброто е садака, и секое спречување на злото е садака, па дури и интимниот однос е садака.“

Ебу Зер, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Некои од асхабите му рекоа на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем: „О Аллахов пратенику, богатите нѐ надминаа во наградите – и тие клањаат како што и ние клањаме, и постат како што и ние постиме, а покрај тоа даваат и од вишокот на своето богатство како садака!“ Тој им рече: „Зарем Аллах не ви дал нешто со што и вие можете да давате садака? Секое изговарање на субханаллах е садака, секое изговарање на Аллаху екбер е садака, секое изговарање на елхамдулиллах е садака, секое изговарање на ла илахе иллаллах е садака, и секое наредување на доброто е садака, и секое спречување на злото е садака, па дури и интимниот однос е садака.“ Тие рекоа: „О Аллахов пратенику, зарем некој од нас, кога ќе ја задоволи својата страст, ќе има награда за тоа?!“ Тој рече: „Што мислите – ако ја задоволи на забранет начин, зарем не би сносел грев за тоа? Така, кога тој ќе ја задоволи на дозволен начин – ќе има награда.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Некои од сиромашните асхаби му се пожалија на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, на својата положба и сиромаштија, и на тоа дека не можат да даваат садака со имот, како нивните побогати браќа, па така да заслужат награда како нив и да постигнат добри дела слични на нивните. Рекоа: „Тие клањаат како што и ние клањаме, постат како што и ние постиме, а покрај тоа даваат и од вишокот на своето богатство – а ние немаме што да дадеме!“ Поради тоа, Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, им укажа на дела кои и ним им се достапни и со кои исто така можат да ја стекнат наградата на садака, па рече: „Зарем Аллах не ви дал нешто преку што и вие можете да давате садака? Навистина, секое изговарање на: ‚субханаллах‘ е садака, ‚Аллаху екбер‘ е садака, ‚елхамдулиллах‘ е садака, ‚ла илахе иллаллах‘ е садака, наредувањето на доброто е садака, спречувањето на злото е садака, па дури и

интимниот однос на некој од вас со својата сопруга – и тоа е садака.“ Тие зачудено прашаа: „О Аллахов пратенику, зарем некој од нас кога ќе ја задоволи својата страст – за тоа ќе има награда?!“ Тој им одговори: „Што мислите – ако тоа го направи на забранет начин, преку блуд или нешто слично, зарем нема да сноси грев? На тој начин, кога тоа го прави на дозволен начин – ќе има награда.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4558

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee